ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1864/4
30-10-2025

Врз основа на членовите 22 ст.1 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членовите 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1864/1 од 02.07.2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-1864/1 од 02.07.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Предметот со број 08-1864/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, откако Државната комисија за спречување на корупцијата по извршен увид во својата евиденција констатирала дека лицето ____________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Управен одбор на ____________________________________ не поднел изјава за имотна состојба и интереси, со што постапил спротивно на член 82 ст.3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 од истиот закон.

Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот - 25.08.2023 година, а прекршочна постапка не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, согласно со член 41 став 1 и 4 од Законот за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

прекршоци (Службен весник на РСМ бр 96/19 и 253/23) поради што прекршочната постапка не може да се поведе, ниту да се води.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

**Изготвил:** К.Б, помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил**:С.С.М, член